# КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# ПРАВИЛНИК

## ЗА РЕГИСТРАЦИЈА НА КАРАТЕ КЛУБОВИ И НАТПРЕВАРУВАЧИ

**(пречистен текст)**

Скопје, 16.01.2024

СОДРЖИНА стр


**1. ОПШТИ ОДРЕДБИ ........ 1**

Член 1 ........ 1

Член 2 ........ 1

Член 3 ........ 1

1.1. МАТИЧНА ЕВИДЕНЦИЈА НА НАТПРЕВАРУВАЧИТЕ ........ 2

Член 4 ........ 2

Член 5 ........ 2

**2. РЕГИСТРАЦИЈА НА КАРАТЕ КЛУБОВИ ........ 3**

2.1. ДОКУМЕНТИ ЗА РЕГИСТРАЦИЈА ........ 3

Член 6 ........ 3

Член 7 ........ 3

Член 8 ........ 3

Член 9 ........ 3

**3. РЕГИСТРАЦИЈА НА НАТПРЕВАРУВАЧИ ........ 5**

3.1. НАТПРЕВАРУВАЧКИ КАРТОН И ДОКУМЕНТИ ЗА РЕГИСТРАЦИЈА ........ 5

Член 10 ........ 5

Член 11 ........ 5

3.2. РЕГИСТРАЦИЈА И ОБНОВУВАЊЕ НА РЕГИСТРАЦИЈАТА ........ 5

Член 12 ........ 5

Член 13 ........ 6

Член 14 ........ 6

Член 15 ........ 6

3.3. ПРЕРЕГИСТРАЦИЈА ПРИ ПРЕМИН ВО ДРУГ КЛУБ ........ 7

Член 16 ........ 7

ИСПИСНИЦА ........ 7

Член 17 ........ 7

Член 18 ........ 8

ПРАВО НА ОБЕШТЕТУВАЊЕ ........ 8

Член 19 ........ 8

Член 20 ........ 9

ПРЕОДЕН РОК ЗА ПРЕРЕГИСТРАЦИЈА ........ 10

Член 21 ........ 10

3.4. РЕГИСТРАЦИЈА НА СТРАНЦИ ........ 10

Член 22 ........ 10

**4. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ ........ 11**

Член 23 ........ 11

Член 24 ........ 11

Член 25 ........ 11

Член 26 ....................................................................................................11
**Прилог: .....................................................................................................12**

..........................................................................................................................

Врз основа на член 37, став 1 алинеја 5 од Статутот на Карате федерацијата на РС Македонија, Извршниот одбор на Федерацијата, на седницата одржана на 17.12.2010 година, донесе:

# П Р А В И Л Н И К

## за

## регистрација на карате клубови и натпреварувачи во Карате федерацијата на РС Македонија

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Правилник се утврдува правилата и постапките за регистрација на карате клубовите, натпреварувачите, тренерите, начинот на премин на натпреварувач од клуб во клуб и нивно право на настап на натпреварите во Карате федерацијата на РС Македонија, оштета и надокнада за натпреварувачите, договор помеѓу тренер и клуб, настап на странски државјани за клубови на КФРСМ.

### Член 2

Целта на регистрациите е да се обезбеди точна евиденција и се регулираат правата за настап на клубовите и натпреварувачите на натпревари кои ги организира Карате федерацијата на РС Македонија (во натамошниот текст-КФРСМ), Европската и Светската карате федерација.

### Член 3

Регистрацијата се спроведува врз основа на единствени обрасци, натпреварувачки картони и матична книга за водење евиденција на регистрации на карате клубовите и натпреварувачите.

Формата и содржината на обрасците, натпреварувачките картони и матичната книга за карате клубовите и натпреварувачите ги утврдува Извршниот одбор на КФРСМ и се дел од овој Правилник.

Извршниот одбор на КФРСМ ја утврдува висината на таксите за годишната регистрација на клубовите и натпреварувачите, како и таксите за приговори и жалби.

## 1.1. МАТИЧНА ЕВИДЕНЦИЈА НА НАТПРЕВАРУВАЧИТЕ

### Член 4

Регистрацијата на клубовите, и натпреварувачите и евидентирање на договорите се врши во канцеларијата на КФРСМ.

Во канцеларијата на Карате федерацијата на РС Македонија се води МАТИЧНА ЕВИДЕНЦИЈА на клубовите, и матична евиденција на натпреварувачите.

Матичната евидеција се води во електронска и пишана форма.

Матичната евиденција ја води стручното лице во Федерацијата или телата што ќе ги определи Извршниот одбор.

Матичните книги имаат карактер на јавен документ

Регистрацијата на натпреварувачите, и клубовите членки на КФРСМ, ги врши комисијата за регистрација (во понатамошен текст комисија).

Против одлуките на комисијата за регистрација клубовите и натпреварувачите имаат право на жалба до Извршниот одбор на КФРСМ, во рок од 15 дена од добивањето на одлуката.

### Член 5

Во канцеларијата на Карате федерацијата на РС Македонија се води МАТИЧНА ЕВИДЕНЦИЈА на натпреварувачите која ги содржи следните податоци за натпреварувачот:

- име и презиме;
- единствен матичен број;
- ден, месец и година на раѓање;
- адреса на живеење;
- клуб за кој што е регистриран;
- клубот во кој натпреварувачот порано бил регистриран и последен настап за тој клуб;
- број на регистарскиот картон.

# 2. РЕГИСТРАЦИЈА НА КАРАТЕ КЛУБОВИ

## 2.1. ДОКУМЕНТИ ЗА РЕГИСТРАЦИЈА

### Член 6

За зачленувањето на карате клубовите во КФРСМ се доставува:

- Потпишување на пристапница со изјава за прифаќање на Статутот и другите акти на КФРСМ, како и на актите на ЕКФ и ВКФ;
- Статут;
- Список на основачи на клубот;
- Решение од надлежниот орган (централен регистар) за регистрација на карате клубот;
- Лични податоци за претседателот на карате клубот;
- Податоци за тренерот;
- диплома или свидетелство за завршенстручно образование V,VI или VII степен со звање тренер по карате;
- Диплома за завршен факултет за физичка култура;
- Договор за менторство;
- Договор за сала;
- Список на опрема што ја поседува клубот;
- Програма за работа на клубот.

### Член 7

Карате клубовите се должни секоја година да ја обновуваат регистрацијата (пререгистрација).

Пререгистрацијата се врши од 1 до 31 јануари секоја година со уплата на годишната членарина.

Клубовите кои нема да ја уплатат годишната членарина до 31 јануари немаат право на настап на натпреварите организирани од страна на КФРСМ и членките на КФРСМ.

Клубовите можат да ја уплатат членарината и по 31 јануари во тековната година. Со уплатата на годишната членарина, клубовите веднаш ги стекнуваат сите права согласно Статутот и сите правилници на КФРСМ.

### Член 8

Приемот и исклучувањето на клубовите е во надлежност на Собранието на КФРСМ.

Карате клубот кој поднел барање за прием, заедно со документите од чл.5, се стекнува со статус на привремен член на КФРСМ.

Одлука за привременото членство на карате клубот донесува Извршниот одбор на КФРСМ. Со привременото членство клубот добива административна потврда која ќе послужи за добивање на решение за вршење на дејност спорт.

За време на привременото членство клубот не се стекнува со правото на глас и не учествува во системот на натпревари.

Привременото членство преминува во редовно членство на првата седница на Собранието на КФРСМ, а по доставување на решение од АМС за вршење на дејност спорт.

**Член 9**

Членувањето на карате клубот во КФРСМ може да престане:

- по барање на клубот за истапување од членство на КФРСМ, за што истиот е должен писмено да ја извести КФРСМ, со доставување на одлуката за истапување;
- со одлука на Собранието на КФРСМ за исклучување од понатамошното членство заради непочитувањето на нормативните акти на КФРСМ;
- со бришење од евиденција заради немање спортски активности во организација на КФРСМ од најмалку две последователни години и
- поради неплаќање на годишна членарина за две години последователно.

# 3. РЕГИСТРАЦИЈА НА НАТПРЕВАРУВАЧИ

## 3.1. НАТПРЕВАРУВАЧКИ КАРТОН И ДОКУМЕНТИ ЗА РЕГИСТРАЦИЈА

### Член 10

Секое лице може да се пријави и регистрира за клуб како натпреварувач под услови утврдени со овој Правилник.

Натпреварувачот стекнува право за настап на натпреварувања во организација на КФРСМ по извршената регистрација согласно одредбите од овој Правилник. Секој натпреварувач мора да биде регистриран во книгата за регистрација на КФРСМ.

Натпреварувачот може да биде регистриран:

- без договор
- со договор

Натпреварувачот има право на настап од денот на неговата регистрација од страна на регистрационата комисија.

### Член 11

Натпреварувачкиот картон е документ со кој се потврдува дека натпреварувачот е регистриран во КФРСМ за одреден клуб и неговото право на настап.

За регистриран натпреварувач доказ е натпреварувачкиот картон на КФРСМ во кој има податоци за истиот со фотографија заверена од КФРСМ и содржи:

- Име, татково име и презиме;
- Датум на раѓање и матичен број;
- Карате клуб и место, печат од клубот и потпис;
- Регистарски број и година за која важи регистрацијата со печат од Комисијата;
- Место за потврда дека е извршен лекарски преглед;
- Место за казни.

## 3.2. РЕГИСТРАЦИЈА И ОБНОВУВАЊЕ НА РЕГИСТРАЦИЈАТА

### Член 12

За регистрација на натпреварувач кој се регистрира за прв пат, во канцеларијата на КФРСМ, клубот доставува:

- Пријава за регистрација;
- Два натпреварувачки картони заверени од клубот со две фотографии;

- Фотокопија од извод од матична книга на родените (пасош или лична карта);
- Изјава од натпреварувачот дека сака да се регистрира за клубот;
- Извршена уплата на такса за регистрација на натпреварувачот.

За малолетните натпреварувачи изјавата од алинеа 3 од овој член ја потпишува неговиот родител - старател.

Доколку помеѓу клубот и натпреварувачот постои договор, истиот се потпишува во три примероци, од кои еден се доставува во КФРСМ, заради негова евиденција.

## Член 13

Регистрацијата на натпреварувачот треба да се обнови секоја година.

Под обновување на регистрацијата се подразбира регистрација на натпреварувачот кој претходната година бил регистриран за ист клуб.

За обновување на регистрацијата потребно е уплата на годишна регистрациска такса. Во постоечкиот натпреварувачки картон се заверува со новата календарската година за која важи регистрацијата со печат и потпис од комисијата.

Во случај на изгубен натпреварувачки картон се издава дупликат според податоците на комисијата во архивата.

Комисијата ги регистрира за прв пат натпреварувачите преку целата година. Комисијата исто така ги обновува регистрациите за ист клуб преку целата година. Нивната важност е до крајот на календарската година во која е извршена регисртацијата

## Член 14

Натпреварувачот е должен да пополни точни податоци во образецот и пријавата и тоа да го потврди со своерачен потпис.

Овластениот претставник на клубот должен е во пријавата за регистрација да внесе точни податоци и со својот потпис и печат на клубот да потврди дека натпреварувачот своерачно и во негово присуство ги потпишал образецот и пријавата за регистрација.

Доколку се утврди дека податоците за натпреварувачот, клубот или неговото овластено лице се неточни се покренува дисциплинска постапка.

## Член 15

Натпреварувач кој потпишал изјава и поднел пријава за регистрација до соодветниот клуб, а во меѓувреме до регистрирањето потпише нова изјава и поднесе нова пријава за регистрација во друг клуб, втората пријава е неважечка а против истиот се поведува дисциплинска постапка.

Доколку првиот клуб во рок од 8 дена од денот на потпишувањето на изјавата не ја поднесе документацијата за регистрација во КФРСМ, натпреварувачот може да се регистрира за друг клуб.

## 3.3. ПРЕРЕГИСТРАЦИЈА ПРИ ПРЕМИН ВО ДРУГ КЛУБ

### Член 16

За регистрација на натпреварувач кој го менува клубот, во канцеларијата на КФРСМ, клубот доставува:

- Пријава за регистрација;
- Два натпреварувачки картони заверени од клубот во кој преминува натпреварувачот со две фотографии;
- Изјава на натпреварувачот дека сака да го промени клубот во два примерка;
- Исписница или доказ дека е побарана исписница (барање за исписница заверено од клубот или доказ за препорачано писмо до клубот со копија од барањето според член 17 од овој Правилник).

Во случај на постоење на претходен договор меѓу клубот и натпреварувачот доказ за извршена уплата за обештетување предвидена според тој договор.

Доколку помеѓу новиот клубот и натпреварувачот постои договор, истиот се потпишува во три примероци, од кои еден се доставува во КФРСМ, заради евиденција.

Во случај на оспорување на преминот од страна на матичниот клуб се применуваат одредбите од правилникот за обештетување.

Во случај кога постои договор помеѓу клубот и натпреварувачот, а клубот овој договор не го доставил до КФРСМ заради евиденција во тој случај Комисијата ќе постапува како да не постои договор

### ИСПИСНИЦА

### Член 17

Натпреварувачот кој сака да го промени клубот мора да поседува исписница, која клубот е должен да му ја издаде ако се исполнети пропишаните услови предвидени со овој Правилник и останатите акти од КФРСМ, како и условите од договорот помеѓу клубот и натпреварувачот.

Клубот мора да му издаде исписница или да ја оспори на натпреварувач со кој немал склучен договор за обештетување во рок од три дена од добиеното барање од него. Во спротивно регистрационата комисија, доколку натпреварувачот приложи доказ, ќе го преререгистрира според одредбите на овој Правилник.

Доказ е поднесено барање со препорачано писмо, или непосредно поднесено барање до клубот со уредно регистриран прием во деловодната книга на клубот.

### Член 18

Клубот може да ја оспори издавањето на исписницата во следните случаи:

- доколку натпреварувачот е под договор;
- доколку постојат материјално-финансиски долгови спрема клубот, кои се регулирани со договор;
- доколку натпреварувачот бил регистриран член на клубот повеќе од 2 години;
- доколку против него се води дисциплинска постапка поведена пред барањето на исписница.

Не е потребна исписница за премин во друг клуб за натпреварувачот за кого клубот не му ја продолжил регистрацијата претходните две години од датумот на последната регистрација во рокот предвиден со овој правилник како и во случајот предвиден во чл.20 ст.4 од овој правилник.

## ПРАВО НА ОБЕШТЕТУВАЊЕ

### Член 19

Клубот и натпреварувачот можат да склучат договор со кој ги регулираат меѓусебните права и обврски, а посебно прашањата за времетраењето на регистрацијата за клубот, условите за натпреварувачот, обезштетувањето при раскинување на договорот (поради неисполнување на условите од договорот, поради предвремен премин во друг клуб...) и др.

Натпреварувач кој има наполнето 14 години, може да склучи договор за настап за одреден карате клуб. Во договорот има услови за барање обештетување при барање за премин во друг клуб само ако постои од клубот финансиска надокнада за натпреварувачот според законот за спорт како и обезбедување на други услови според него.

За натпреварувачите со возраст од 14 до 18 години, договорот го потпишува нивниот родител.

Клубот од кој заминува натпреварувачот има право на обештетување и без да има потпишано договор, за обука и вложени средства за опрема и учество на натпревари, доколку натпреварувачот бил регистриран и се натпреварувал во клубот повеќе од 2 години.

## Член 20

Критериумите за висината на обештетувањето и вредноста на бодот се составен дел на овој Правилник.

Во случај кога натпреварувачот и клубот не постигнат соодветен договор во согласност со овие нормативи, ќе се примени највисоката предвидена скала согласно рангот на спортистот, при што тој може да биде пререгистриран за друг клуб и без исписница, со лична изјава, во предвидениот рок.

Клубот во кој заминува натпреварувачот ќе може да го регистрира натпреварувачот, откако ќе уплати на жиро сметка на оштетениот клуб 100% од вкупната сума за обезштетување, според договорот (доколку има), или според категоризацијата на спортистот.

Обврската за плаќање на обештетување од став 2 од овој член, не постои, доколку матичниот клуб во кој натпреварувачот членува и е регистририран, на натпреварувачот не му ги плаќал трошоците (патни трошоци, хотелско сместување и исхрана) за учество на натпревари предвидени со календарот на КФРСМ, ниту му исплаќал стипендии и награди, пред поднесување на пријавата за пререгистрација, и тоа за период од 2 (две) години за сениори, односно 1 (една) година за помлади кадети, кадети, јуниори и јуниори до 21 година, а за што на Комисијата и се доставува писмена документација.

Роковите од став 4 од овој член, мораат да бидат без прекин и контуниирани, а регистрацијата ќе се изврши во преодниот рок предвиден со овој Правилник.

При регистрација на натпреварувачи во смисла на став 4 од овој член, не се навлегува во правата кои произлегуваат од меѓусебните граѓански договори.

За пререгистрација на натпреваруивач во смисла на став 4 од овој член, Комисијата за регистрација донесува писмено решение во рок од 3 дена од поднесување на пријавата. Против решението може да се поднесе приговор до Извршниот одбор на КФРСМ, во рок од 3 дена од приемот на решението. Извршниот одбор одлука по приговорот донесува во рок од 5 дена. Одлуката на Извршниот одбор е конечна.

Обврската за плаќање на обезштетување не постои, доколку матичниот клуб во кој натпреварувачот членува престане да постои, односно доколку фактички не ја извршува својата регистрирана дејност, како и доколку клубот ја нема платено својата членарина кон КФРСМ, повеќе од 2 година. Оваа регистрација ќе се смета како прва регистрација.

Како прва регистрација ќе се смета и регистрација на натпреварувач за нов клуб, доколку клубот во кој дотогаш членувал не ја обновил неговата регистрација за последните 2 година, во рокот предвиден со овој правилник.

## ПРЕОДЕН РОК ЗА ПРЕРЕГИСТРАЦИЈА

### Член 21

Натпреварувачот кој сака да го промени клубот во кој членува, тоа може да го стори согласно одредбите од овој Правилник и тоа во термините кои се определени како преодни рокови. Преодните рокови се: од 15 јануари 00:00 часот до 30 јануари 24:00 часот (зимски преоден рок), од 15 јуни 00:00 часот до 30 јуни 24:00 часот (летен преоден рок).

Неговото право на настап според член 8 е од денот на регистрацијата од страна на комисијата.

## 3.4. РЕГИСТРАЦИЈА НА СТРАНЦИ

### Член 22

Според законот за спорт на Република Македонија бр. 07-1808/1 од 25 април 2002 година, член 4 спортист странец ги остварува своите права и може да учествува во највисокиот степен на натпревари, доколку ги исполнува условите утврдени со овој и друг закон.

Највисок степен на натпревари, во смисла на овој закон се:

- настап во систем на натпревари од прва лига и
- настап на државно сениорско првенство

Натпреварувачи со странско државјанство можат да се регистрираат за клуб.

Екипата која регистрира странец мора да достави:

- исписница од матичниот клуб;
- два натпреварувачки картони заверени од клубот со две фотографии;
- фотокопија од извод од матична книга на родените (пасош) ;
- изјава од натпреварувачот дека сака да се регистрира за клубот;
- извршена уплата на такса за регистрација на натпреварувачот.

Регистрираниот натпреварувач добива натпреварувачки картон со кој по законот за странци го регулира престојот.

Право на настап има странец кој има валиден важечки документ за престој во тој период издаден од МВР на Република С. Македонија.

Бројот на странци за регистрација за еден клуб не е ограничен.

Во случај на злоупотреба натпреварувачката комисија поведува дисциплинска постапка.

# 4. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 23**

Против решението на комисијата за регистрација, карате клубот или натпреварувачот, може да поднесе жалба (во писмена форма) до ИО на КФРСМ, чија одлука е конечна.

**Член 24**

Комисијата за регистрација изготвува записник за извршената работа и го доставува на ИО на КФРСМ, записникот го парафира Претседателот на КФРСМ.

**Член 25**

Со донесување на овој Правилник престанува да важи правилникот за регистрација на карате клубови и натпреварувачи донесен во 13 март, 2013 година.

**Член 26**

Овој Правилник стапува во сила со денот на неговото донесување.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КФРСМ

Дејан Чолески

# Прилог: КРИТЕРИУМИ

## за висина на обештетувањето при премин на натпреварувачот од клуб во клуб

Висината на обештетувањето на клубот при премин на натпреварувачот во друг клуб се врши според следните критериуми:

1. За натпреварувач кој бил регистриран во КФРСМ и се натпреварувал во следните возрасни категории:

| Возрасна категорија | Бодови |
|---|---|
| Помлад кадет | 100 бода |
| Кадет | 200 бода |
| Јуниор | 300 бода |
| Сениор | 400 бода |

Пример: Ако еден натпреварувач сега има 19 години и е сениор, а првата регистрација за клубот ја направил на пионер или помлад кадет, вкупното обештетување ќе биде: 100 + 200 + 300 + 400 = 1000 бода.

2. За освоено прво и второ место на државно првенство по настап

| Возрасна категорија | Бодови по освоен пласман |
|---|---|
| Помлади кадети | 30 бода по освоен пласман |
| Кадети | 50 бода по освоен пласман |
| Јуниори | 100 |
| Сениори | 200 |

3. За настапи во репрезентацијата на РС Македонија на балкански, европски и светски првенства

| Возрасна категорија | Бодови по настап |
|---|---|
| Помлади кадети | 10 бода за освоен пласман |
| Кадети | 20 бода по настап |
| Јуниори | 40 |
| Сениори | 60 |

За настап се смета учество на првенството, а не бројот на натпревари на тоа првенство.

4. За освоен пласман 1 до 3 место на првенства по настап

| Возрасна категорија | Балканско првенство | Европско првенство | Светско првенство |
|---|---|---|---|
| Помлади кадети | 200 | / | / |
| Кадети | 300 | 500 | 800 |
| Јуниори | 400 | 600 | 1000 |
| Сениори | 800 | 1200 | 2000 |

Вредноста на бодот изнесува 3 евра во денарска противвредност.